Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и бр. 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје,** за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење и кастрење на урбано зеленило (останато зеленило) и тоа: сечење на 2 (две) дрва (дудинки) и кастрење на 5 (пет) дрва (липи), коишто се наоѓаат во дворот на барателот на **ул. „Лазар Личеноски" кп 5531 – Скопје.**
2. Сечењето и кастрењето на дрвјата ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето и кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обрзува барателот, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 2 (две) дрва, постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од пресечените стебла.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, ул. „Лазар Личеноски" кп 5531 – Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/575** од **07.07.2026** година, за сечење и кастрење на дрва коишто се наоѓаат во дворот на барателот на **ул. "Лазар Личеноски" кп 5531 – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвата што се за сечење се стари дрва кои се наоѓаат долж оградата и со своите корења прават штета, додека пак дрвата што се за кастрење имаат гранки кои се испреплетени во кабли од електрична инсталација.
Согласно член 10 а во врска со член 1 став 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и бр. 224/24) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 4 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и бр.224/24) зелените површините покрај објекти за производство,дистрибуција и сервиси (мали и големи комерцијални и деловни единици,угостителски единици, хотелски комплекси и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат

потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрвја се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрвја чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресечените дрвја, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило и одлучено е 5 (пет) дрва да биде искастрени. Додека поради состојбата во која се наоѓаат другите дрва е потребно да се овозможи сечење. За дрвата за кои е дозволено сечење на барателот му е наметнато компензациско садење.

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/575/2**
**16.07.2026** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот и Архива

Изработил:
**Сандра Димовска**

______________________

Раководител на Одделение
**Емил Ѓуровиќ**

______________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

______________________

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

______________________